**20150250621**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2015 година.

Бр. 08 – 845/1
16 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14) по членот 12 се додава нов наслов и нов член 12-а, кои гласат:

„Користење на податоците

Член 12-а

(1) За целите на регистрите и базите на податоци од членот 10 став 1 од овој закон, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во електронска форма поседува одредени географски податоци како ортофотокарти изработени врз основа на извршено снимање од воздух на целата територија на Република Македонија и дигитален модел на теренот, кои можат да се користат од заинтересирани органи, организации и други субјекти со надоместок.

(2) Органите на државната управа податоците од ставот (1) на овој член ги користат без надоместок за службени потреби.

(3) Доколку органите на државната управа користењето на податоците го бараат за потребите на други субјекти – трети лица, за користењето на истите се должни да платат надоместок.

(4) Висината на надоместокот за доставување и користење на податоците се определува во зависност од висината на реалните трошоци направени за изработката на податоците, видот, формата, количината на податоците и други критериуми.

(5) Начинот на доставување, користење, чување на податоците, како и висината на надоместокот за користење на истите го уредува Владата на Република Македонија, по предлог на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство“.

Член 2

Во членот 14 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Корисниците на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска подршка на руралниот развој треба да ги имаат подмирено сите финансиски обврски утврдени во членот 14-а став (2) од овој закон.

(3) По исклучок од став (2) на овој член корисниците на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска подршка на руралниот развој кои имаат неподмирени, а доспеани финансиски обврски утврдени во членот 14-а став (2) од овој закон, истите треба да ги подмират под услови и начин пропишани со член 14-а од овој закон.“

Член 3

Насловот пред членот 14-а и членот 14-а се менуваат и гласат:

„Подмирување на обврските

Член 14-а

(1) Користењето и исплатата на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се врши откако ќе се спроведе постапка за подмирување на неплатени, а доспеани финансиски обврски на корисникот на средствата од износот на одобрената финансиската поддршка.

(2) Финансиските обврски на корисникот на средствата се по следните основи:

- обврски по основ на закуп за користење на државно земјоделско земјиште;
- обврски по основ на закупнина за користење на државни пасишта;
- обврски по однос на воден надомест;
- обврски по основ на концесија на рибите за стопански и рекреативен риболов;
- обврски по основ на концесија за давање на дивечот во ловиштата на користење;
- обврски по основ на склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно министерството и
- обврски по основ на даноци и придонеси за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

(3) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) на овој член се подмируваат преку Агенцијата.

(4) Агенцијата во постапката за исплата на одобрената финансиска поддршка го задржува износот на неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) на овој член и го пренесува на сметката на субјектот надлежен за утврдување и наплата на соодветното побарување.

(5) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член се утврдуваат со состојба на 15 јануари во годината за која се остварува правото на финансиска поддршка.

(6) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) алинеја 7 на овој член се утврдуваат со состојба на денот кога е одобрен износот на финансиската поддршка за исплата.

(7) Начинот, субјектите, евиденцијата, постапката за подмирување на финансиските обврски од износот на финансиската поддршка, начинот и формата на размена на податоците и исплатата на финансиската поддршка ги уредува Владата по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии.“

Член 4

Во членот 21 став (1) по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

„- еден претставник од здружението основано за унапредување на руралниот туризам.“

Член 5

Членот 66 се менува и гласи:

„Обука и информирање на земјоделските производители“

Член 66

(1) Помошта за обука на земјоделските производители е наменета за организирање и одржување на професионална обука за стекнување вештини и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделските производители, преку одржување на курсеви, семинари, предавања, посети на земјоделски и шумски стопанства, работилници и индивидуално учење, особено за областите:

- успешно организирање и раководење на земјоделското стопанство;
- воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство;
- воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики;
- трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати;
- користење на информатички технологии за земјоделско производство;
- примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита и здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата, заштита на здравјето и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси;
- примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и
- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член не е наменета за курсеви кои се финансираат во рамките на редовното образование и кои не се наменети за земјоделството и шумарството.

(3) Корисник на поддршката е давателот на обуката или на други форми на трансфер на знаење и активности за информирање.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за земјоделските стопанства кои се регистрирани во ЕРЗС.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 100% од вредноста на прифатливи трошоци за организирање и спроведување на обуката односно информирањето како и трошоци за пат и сместување, изработка и печатење на програми, образовни материјали, брошури за информативни сесии, трошоци за организирање и спроведување на обуките и информативните сесии, надоместок за предавачи и надоместок на патни и дневни трошоци на учесниците.

(6) Вкупната вредност на прифатливите трошоци се дефинира во согласност со планираниот број на учесници на обуките или информативните сесии и се исплаќа делумно или по целосна реализација на обуките или информативните сесии врз основа на реалниот број на учесници.

(7) Видот на активностите и темите кои се предмет на поддршка, детален преглед на прифатливи трошоци, општите и посебни услови за доделување на поддршката, критериумите за избор на корисници, условите кои треба да ги исполнуваат корисниците ги пропишува министерот.

(8) Начинот за спроведување на поддршката од ставот (1) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по добиено позитивно мислење од Министерството.“

Член 6

(1) Подзаконските прописи од членовите 12-а и 14-а од овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Започнатите постапки пред влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14).

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.